Врз основа на член 48-б став (1) од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25, 132/25 и 250/25), министерката за образование и наука донесе

УПАТСТВО
за содржини програмирани од училиштето во средното стручно образование

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со ова упатство се воспоставува единствен пристап при планирањето, изработката, стручното разгледување, организацијата, реализацијата, улогите и одговорностите, следењето, евалуацијата, оценувањето, евиденцијата и документацијата на содржините програмирани од училиштето (во натамошниот текст: СПУ) во стручните училишта кои реализираат наставни планови во кои е предвидено подрачјето „Содржини програмирани од училиштето“.

Член 2

СПУ имаат цел да обезбедат флексибилни можности за учење што ги надополнуваат задолжителните и изборните наставни програми и овозможуваат развој на дополнителни компетенции согласно интересите, способностите и кариерните определби на учениците, потребите на локалната заедница и барањата на пазарот на трудот.

Преку СПУ на учениците им се овозможува:

- проширување и продлабочување на стручните знаења, вештини и компетенции;
- стекнување нови стручни компетенции поврзани со технолошкиот развој и современите процеси на работа;
- развивање генерички, дигитални, зелени, STEM и претприемнички компетенции поврзани со секторот;
- препознавање и развивање на интересите, талентите и потенцијалот на учениците;
- стекнување практични искуства преку соработка со работодавачи и други релевантни чинители;
- развивање општествена одговорност, интеркултурна комуникација и свест за одржлив развој и
- подобра подготвеност за вработување, продолжување на образованието и доживотно учење.

Член 3

Планирањето и реализацијата на СПУ се засноваат на начелата на доброволност, еднаква достапност, насоченост кон ученикот, релевантност, флексибилност, безбедност, партнерство, инклузивност, транспарентност и образование засновано на резултати од учење.

Член 4

СПУ ги надополнуваат задолжителните и изборните наставни програми и не може да се користат за повторување на веќе предвидени содржини, надоместување нереализирани часови или како замена за практичното образование, дополнителната и додатната настава.

II. ПЛАНИРАЊЕ НА СПУ

Член 5

При планирањето на СПУ се земаат предвид развојните приоритети на училиштето, интересите и потребите на учениците, препораките на работодавачите и другите релевантни чинители, технолошките промени во секторот, локалните и регионалните потреби и расположливите услови за реализација.

Член 6

СПУ може да опфаќаат една или повеќе меѓусебно поврзани области од стручното образование во насока на продлабочување и проширување на стручните компетенции за:

- примена на дигитални технологии, роботика, автоматизација, вештачка интелигенција, анализа на податоци и специјализиран софтвер од секторот;
- зелени компетенции, енергетска ефикасност, обновливи извори на енергија, циркуларна економија и заштита на животната средина поврзани со секторот;
- STEM, лабораториски, инженерски, истражувачки и иновативни активности поврзани со секторот и образовната квалификација;
- претприемништво, деловна и финансиска писменост и кариерен развој во контекст на секторот;
- комуникација, тимска работа, критичко размислување, креативност, лидерство и професионална етика и
- практични, проектни, теренски, волонтерски и други образовни активности.

Член 7

Програмата за СПУ може да ја изработи стручното училиште или Центарот за развој на стручното образование (во натамошниот текст: ЦРСО).

Во утврдувањето на потребите и во изработката на програмата за СПУ од училиштето може да учествуваат наставници, ученици, родители, работодавачи, претставници на локалната самоуправа и други релевантни чинители.

Кога се утврдува потреба од содржини од заеднички интерес за повеќе училишта, сектори или образовни квалификации, ЦРСО може да изработи програма за СПУ или да формира работна група за нејзина изработка, согласно интерните акти на ЦРСО за изработка на наставна програма.

Член 8

Програмите за СПУ изработени од ЦРСО се донесуваат од страна на директорот на ЦРСО и се објавуваат на интернет страницата на ЦРСО.

Училиштата може непосредно да ги користат програмите од став 1 на овој член, без прибавување дополнително стручно мислење, при што самостојно ја организираат нивната реализација согласно ова упатство.

Член 9

Програмата за СПУ се изработува согласно образецот даден во Прилог 1 и содржи најмалку: назив, сектор, образовна квалификација, година на образование, фонд на часови, цели на програмата, модуларни единици, резултати од учење, содржини и поими, активности и методи, стандарди за оценување, материјално-технички и просторни услови, норматив за наставен кадар и начин на оценување.

Член 10

Вкупниот фонд на часови за СПУ се определува во рамките на фондот предвиден во наставниот план.

Член 11

Секоја програма се планира за определена година на образование. Во зависност од содржината, програмата може да биде наменета за ученици од иста или од различни образовни квалификации и сектори.

III. ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА СПУ

Член 12

Училиштето ја доставува предлог-програмата за СПУ до ЦРСО со службен допис и барање за стручно мислење, најдоцна до 15 јуни во тековната година за следната учебна година во која се планира нејзината реализација.

Предлог-програмата се доставува во две печатени копии и во електронска форма.

Член 13

Од страна на ЦРСО се разгледува предлог-програмата за СПУ и се изготвува стручно мислење во рок од 10 работни дена од денот на нејзиниот прием.

Стручното мислење се заснова на исполнетоста на следните критериуми:
- содржината на програмата е во согласност со целите на СПУ;
- резултатите од учење и содржините се соодветни за секторот и образовната квалификација;

- резултатите од учење се соодветни за годината на образование;
- програмата е изработена согласно образецот и методолошките барања и
- училиштето располага со соодветни кадровски, просторни, материјално-технички и безбедносни услови.

Член 14

Доколку предлог-програмата за СПУ ги исполнува утврдените критериуми, ЦРСО дава позитивно стручно мислење за истата.

Архивскиот број и датумот на позитивното мислење од ЦРСО се внесуваат во програмата за СПУ и се доставува во училиштето по електронска форма или во хартиена форма.

Член 15

Доколку предлог-програмата за СПУ не ги исполнува утврдените критериуми, од страна на ЦРСО се доставува стручно мислење со забелешки и препораки за подобрување и дополнување.

Програмата не може да се реализира сè додека не добие позитивно стручно мислење од член 14 став 1 од ова упатство.

Член 16

Програмата за СПУ може да се реализира најмногу пет учебни години.

Член 17

Од страна на училиштето се формира/ат група/и од ученици од иста година на образование кои покажале интерес за следење на програмата за СПУ.

Ученикот/Учениците кој покажал/ле интерес за програмата тоа го потврдува на Образец даден како Прилог 2, кој е ставен дел на ова упатство.

Вкупниот број на формирани групи за реализација на програмите за СПУ во една учебна година не може да биде поголем од бројот на формирани паралелки во соодветната година на образование во стручното образование во средното училиште.

Член 18

Програмата за СПУ започнува да се реализира со почетокот на учебната година.

Член 19

Времето и местото на реализација се утврдуваат со распоредот на наставните часови за тековната учебна година.

Член 20

СПУ се реализираат согласно целите на програмата и резултатите од учење, интересите на учениците и расположливите услови.

Програмите за СПУ може да се реализираат во училиштето, во компании и други деловни субјекти, во јавни установи и институции, во локалната заедница, преку теренска настава, практична и менторска работа, работилници, демонстрации, студиски посети, истражувачки активности, учење засновано на проблеми и проекти, како и преку комбинирана непосредна и дигитална реализација.

Член 21

Кога програмата за СПУ се реализира надвор од училиштето, училиштето и партнерската организација ги утврдуваат местото и времето на реализација, одговорните лица, обврските на страните, начинот на надзор над учениците и мерките за безбедност и здравје при работа, согласно важечките прописи и интерните акти.

Член 22

Училиштето може да соработува со работодавачи, стопански комори, локална самоуправа, јавни установи, високообразовни и научноистражувачки установи, центри за обука, професионални и граѓански организации, меѓународни организации и други релевантни чинители во утврдување на потребите, предлагање теми, изработка и реализација на активности, обезбедување ментори, стручни лица, опрема и

материјали, гостински предавања, проекти, истражувања, практична работа и вреднување на ученичките продукти.

IV. УЛОГИ И ОДГОВОРНОСТИ

Член 23

Директорот на училиштето е одговорен за идентификување на потребите, предлагање и изработка на програмата, формирање група/и, избор на наставник/наставници, обезбедување услови, координација со партнерите, безбедноста на учениците, следењето на реализацијата и водењето на документацијата.

Член 24

Директорот ја обезбедува организациската, кадровската, просторната и материјално-техничката поддршка, го одобрува распоредот, назначува одговорни лица и обезбедува реализацијата да биде усогласена со важечките прописи и интерните акти на училиштето.

Член 25

Наставникот ја планира и реализира програмата, го подготвува распоредот, ги информира учениците за целите на СПУ, обврските и критериумите за оценување, обезбедува безбедна и инклузивна средина, го следи присуството и напредувањето, ги оценува постигнувањата и ја води потребната евиденција.

Член 26

Ученикот редовно учествува во активностите, ги почитува распоредот, правилата за безбедност и договорените обврски, ги изработува задачите и учествува во процесот на самооценување и евалуација на програмата.

Член 27

Партнерската организација обезбедува договорени услови, стручни лица, опрема и безбедносни мерки, ги почитува правилата за заштита на учениците и соработува со училиштето во следењето на активностите и постигнатите резултати.

Член 28

ЦРСО изработува и објавува програми од заеднички интерес, дава стручно мислење за програмите изработени од училиштата, обезбедува стручни насоки и, по потреба, ја следи примената на ова упатство.

V. СЛЕДЕЊЕ, ЕВАЛУАЦИЈА И ОЦЕНУВАЊЕ

Член 29

Училиштето континуирано ја следи реализацијата на програмата, редовноста и учеството на учениците, остварувањето на планираниот фонд на часови, примената на планираните активности и условите за реализација.

Следењето го вршат наставникот, директорот или овластено лице од него, а по потреба и други стручни лица.

Член 30

Постигнувањата на ученикот се оценуваат врз основа на резултатите од учење и стандардите за оценување утврдени во програмата, со примена на соодветни методи, инструменти и докази.

Како докази може да се користат практични изработки, проектни и истражувачки задачи, презентации, извештаи, демонстрации, дигитални продукти, портфолио, набљудување на практичната работа и други соодветни докази.

Постигнувањата се изразуваат со бројчена оценка која се внесува во педагошката документација и евиденција согласно важечките прописи за оценување во средното образование. Оценката не се пресметува во општиот успех на ученикот.

Член 31

По завршувањето на програмата за СПУ училиштето врши евалуација на нејзината релевантност, квалитет, организација, постигнати резултати и задоволство на учениците и партнерите.

Во евалуацијата може да се користат прашалници, интервјуа, дискусии, анализа на присуството, ученичките продукти, постигнатите резултати и повратните информации од наставниците и партнерите.

Наодите се користат за подобрување, продолжување, изменување или прекинување на програмата.

Член 32

Евиденцијата се води во електронска форма, а наставните содржини се евидентираат во Електронскиот дневник.

Член 33

При прибирањето, користењето и чувањето фотографии, видеозаписи, дигитални продукти и други материјали што содржат лични податоци се почитуваат прописите од областа за заштита на личните податоци.

Член 34

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување, а ќе отпочне да се применува од учебната 2027/2028 година.

Бр. 13-13465/1
28.10.2026 година

Министерка за образование и наука,
проф. д-р Весна Јаневска, с.р.

Скопје

Прилог 1

Образец за изработка на програма за содржини програмирани од училиштето

НАЗИВ НА СТРУЧНОТО УЧИЛИШТЕ СО АМБЛЕМ/ЛОГО НА УЧИЛИШТЕТО

НАЗИВ НА ПРОГРАМАТА ЗА СОДРЖИНИ ПРОГРАМИРАНИ ОД УЧИЛИШТЕТО

модуларно дизајнирана

за ___ (____) година на образование
(со римска бројка и букви)

_____
Образовна квалификација

_____
Сектор

место, _____ година

Назив на програмата за содржини програмирани од училиштето	

Сектор	
Назив на образовна/и квалификација/и	
Година на изучување	
Број на часови неделно/годишно за реализација на програмата	
Цели на програмата	
Модуларни единици на програмата	**1.** **2.** **3.**
Материјално-технички и просторни услови	
Норматив за наставен кадар	Програмата за содржини програмирани од училиштето _____ ја реализираат наставници со завршени студии по: -

Ред. број	**Модуларна единица 1: _____**			
	Резултати од учење	**Содржини и поими**	**Активности и методи**	**Стандарди за оценување**
1	**Ученикот/Ученичката ќе биде способен/на да:**		Активности: Методи:	**Ученикот/Ученичката може да:**

Ред. број	Модуларна единица 1: _____			
	Резултати од учење	**Содржини и поими**	**Активности и методи**	**Стандарди за оценување**
2			Активности: Методи:	

Ред. број	Модуларна единица 1: _____			
	Резултати од учење	**Содржини и поими**	**Активности и методи**	**Стандарди за оценување**
1	**Ученикот/Ученичката ќе биде способен/на да:**		Активности: Методи:	**Ученикот/Ученичката може да:**
2			Активности: Методи:	

Оценување на постигнувањата на учениците	
Почеток на имплементација на програмата	Учебна 20__/20__ година
Одговорна институција за одобрување на програмата/ давање мислење	Центар за развој на стручното образование
Носител на програмата	
Број и датум од добиено позитивно мислење	**Бр. _____** **Датум _____**

Прилог 2

Избор на програма за содржини програмирани од училиштето

Општинско средно училиште/Училиште на Град Скопје/ДСУ РЦСОО
_____
Место
_____

Податоци за ученикот:

Име, татково име и презиме на ученикот/ученичката _____, паралелка ____, сектор _____, образовна квалификација _____.

Назив на избраната **програма за содржини програмирани од училиштето** _____, во учебната _____/____ година.

Потпис на ученикот,

_____

Датум,

_____